РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-46/2
29-06-2021 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), ), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител физичко лице,на 49-а седница -на продолжението на седницата одржано на ден 09 Јуни 2021 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12-3478/1 од 09.07.2019 година доставена од познат подносител физичко лице – ----------------------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-3478 од 2019 година оформен врз основа на пријаватабр. 12-3478/1 од 09.07.2019 година.

Предметот со број 12-3478 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-3478 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3478/1 од 09.07.2019 година, доставена од познат подносител – физичко лице, ----------------------------------, со познати адресни податоци.

Со наводите од пријавата се укажува на сомневања за злоупотреби и несовесно постапување од страна на службени лица од општина ------------- во постапките за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план извршени во ----------- година во делот на намената на земјиштето на ГП ------------- – КП бр. ----------------, КО ---------------- – на улица ---------------- од аспект на извршената измена на намената на земјиштето и градбите на оваа градежна парцела од А2 – станбени згради во ----------------------------.

Исто така, посочената измена и дополнување на деталниот урбанистички план се поврзува со поднесено барање за одобрение за градење од страна на инвеститорот ----------------------------------- за градба на --------------------------------------------------.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата поаѓајќи од наводите на подносителот, заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за достава на податоци и информации – со прилог документација до општина --------------------------- со акцент на постапките за измена и дополнување на ДУП за конкретниот слчај , како и на постапката за издавање на одобрение за градење на предметната градежна парцела – во сите фази на постапката, вклучително и за исходот од постапката и за фактичката состојба на лице место.

Последователно, по повод доставеното барање, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен писмен одговор, со произнесување, од Градоначалникот на општина --------------------------, врз основа на извршениот увид во документацијата на општина Делчево, поодделно за двете посочени постапки. Така, по

однос на постапките за споменатите урбанистичи планови во одговор на барањето на Државната комисија, е образложено дека ДУП – измена и дополна, за централното градско подрачје ---------------- ------------------------------------------ ---------------- е донесен со одлука на Советот на општина --------------------- во месец мај ---------------------година, дека целокупната постапка е водена хартиено и согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање, вклучително и дека на донесување на одлуката и претходела, по доставено барање од општината дадната согласност со која се потврдува дека постапката за изработување на предлог планот е спроведена согласно со закон и прописите донесени врз основа на закон, за што се доставени комплет списи со кои се потврдува изнесеното.

Со доставениот одговор, исто така се појаснува - по однос на измената и дополната на ДУП за централното градско подрачје ------------------------------------------------------- за плански период -------------------------- година, дека по однос на истата на донесување на одлуката на Советот на општина ---------------------------- и претходела согласност со која се потврдува дека постапката за изработување на предлог планот е спроведена согласно со закон и прописите донесени врз основа на закон, како и дека оваа постапка се водела целосно преку системот е-урбанизам каде се исто така достапни сите документи од постапката.

Во делот на постапката за издавање на одобрение за градење на објекти на предметната локација, која се водела преку електронскиот систем е-одобрение за градење, од општина ---------------------------- се потврдува дека е истата водена соласно Зконот за градење по доставено барање и технички основен проект со сите пропишани фази, потребни документи, мислења и согласности утврдени со овој закон.

Согласно се, погоре наведено, по извршен увид во документацијата прибавена од општина Делчево Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите од предметната пријава не се потврдуваат.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека во конкретниот случај нема индиции за злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службените/одговорните лица од општина ---------------------, па оттаму и дека Државната комисија нема основ за понатамошно постапување согласно со надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата утврдени со член 17 од Законот за спречување на корупцијата исудирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 09 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TE KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : Г.Т, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- подносителот